**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav



# Посебни услови за осигурување на превоз на уметнички предмети

КЛ-крг-11
12-1-мк

[1] Според овие Посебни услови, осигурувачот покрива штети кои ќе настанат на уметнички предмети (слики, скулптури и сл.) поради кршење или други механички оштетувања во текот на превозот, но само под услов уметничките предмети да се спакувани стручно и на соодветен начин, во соодветна амбалажа или пакување и да се превозуваат со соодветно превозно средство.

[2] Осигурената вредност на уметничките предмети ја одредува осигуреникот, а осигурувачот не е должен да ја проверува вистинската вредност на предметот на осигурување.

[3] Во случај на делумна штета, која според мислењето на стручно лице може да се поправи, осигурувачот ќе ги надомести трошоците за поправка и загубената вредност (ако после поправката уметничкиот предмет изгубил дел од вредноста).

[4] Ако според мислењето на стручно лице, не е возможна поправка, осигурувачот ќе го надомести само износот за загубена вредност, но најмногу до висина на осигурената вредност на таквиот предмет.

[5] Ако сумата на осигурување е помала од вистинската вредност на осигурениот предмет, осигурувачот ќе го надомести само оној дел од штетата и трошоците кои одговараат на размерот (пропорцијата) на осигурената и вистинската вредност на предметот на осигурување.

[6] Осигурувањето според овие Посебни услови се склучува само ако претходно е договорено осигурување според Општите услови за осигурување на стока во превоз и според Посебните услови за осигурување на стока во превоз против сите ризици КЛ-крг-2.